Врз основа на Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010,135/11 и 55/16) и Програмата за поддршка на здруженијата и фондациите за 2018 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08–2528/54), Општина Крива Паланка на ден 21.02.2018 објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за поднесување на Пријави за финансиска поддршка за користење средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година, наменети за финансирање на проектни активности на здруженија и фондации со седиште во Општина Крива Паланка.

Финансиските средства предвидени во Програмата за поддршка на здруженијата и фондациите за 2018 година ќе се доделуваат на здруженија и фондации од областа на: подобрување на условите за живеење на социјално маргинализираните лица, лица со посебни потреби, активности од интерес на млади и спорт, култура, туризам, заштита на животна средина, здравство, информатичко општество, економски развој, родова еднаквост, образование и слични теми од локален интерес.

**Право на учество**

Како субјекти кои можат да конкурираат со свои проекти/проектни активности се определуваат здруженијата и фондации, со седиште во Општина Крива Паланка, како матична општина каде физички ќе се реализираат проектите**.**

На јавниот повик за финансиска поддршка за користење средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година, наменети за финансирање на проектни активности на здруженија и фондации, имаат право да учествуваат здруженијата и фондациите основани и со седиште во Општина Крива Паланка.

Немаат право да учествуваат подрачни канцеларии на здруженија и фондации основани надвор од територијата на Општина Крива Паланка, како и здруженијата и фондациите кои не се основани на територијата на Општина Крива Паланка.

**Основни критериуми кои треба да ги исполнуват субјектите кои учествуваат на овој повик се:**

- корисниците да се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации;
- корисниците да дејствуваат на територијата на Општина Крива Паланка;
- остварувањето на програмите и дејствувањето да се во рамките на Уставот и Законите на РМ.
- да имаат поднесено извештај за користење на средства од буџетот на Општина Крива Паланка за претходната година (доколку користеле средства).

**Посебни критериуми кои треба да ги исполнуват субјектите кои учествуваат на овој повик се:**

- Проектите/проектните активности да кореспондираат со стратешките – развојни документи на Општина Крива Паланка.

- Проектите/проектните активности да се од суштинско значење за подигнување на квалитетот на живеењето на граѓаните во локалната заедница во соодветните области.

- Доделените средства да се користат исклучително за намената за која се бараат и на начин определен во предлог проектот.

- Проектните активности да се спроведат исклучиво на територијата на Општина Крива Паланка.

**Финансиска рамка**

Средствата од буџетот на Општина Крива Паланка кои ќе се користат за финансирање на проекти/проектни активности на здруженија и фондации, согласно Програмата за поддршка на здруженија и фондации за 2018 година - Трансфер до НВО од буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година се во вкупен износ од 800.000,оо денари.

**Побараната финасиска поддршка** од буџетот на Општина Крива Паланка за финансирање на проекти/проектни активности на здруженија и фондации согласно Програмата за поддршка на здруженија и фондации за 2018 година - Трансфер до НВО треба да биде:

- минимум 30.000,оо денари
- максимум 60.000,оо денари

**Времетраење**

Предвидениот период за реализација на проектите/проектните активности е 7 (седум) месеци од денот на потпишување на договорот за грантирање.

**Потребна документација :**

- - Пријава за финансиска поддршка, потпишана и заверена со печат од овластено лице на организацијата. Пријавата треба да ги содржи основните податоци на организацијата (полн назив на организацијата, седиште, даночен и матичен број, жиро сметка);
- - Образец за пријавување за проект/проектна активност;

* Пријавата за финансиска поддршка и Образецот за пријавување за проект/проектна активност се достапни на веб страната на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk или да се подигнат од Одделението за јавни дејности, локален развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка. Истите треба да биде пополнети на македонски јазик со кирилично писмо, со потпис од застапникот и заверка со печат и штембил на субјектот.

**Задолжителни прилози:**

1. Копија од решението за упис во регистарот на здруженија и фондации и копија од тековна состојба - Централен Регистер на Република Македонија;
2. Копија од статут на здружението/фондацијата;
3. Годишна програма на активности за 2018 година;
4. Извештај за добиените средства од Општина Крива Паланка во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.

***Напомена: Здруженијата и фондациите не можат да учествуваат на јавниот повик со повеќе од една пријава. Доколку две или повеќе здруженија или фондации учествуваат на огласот со една заедничка пријава немаат право да учествуваат со поединечни пријави.***

***Нема да се финансраат проектни активности за кои има предвидено буџетски средства по соодветни програми (нема двојно да се финансираат исти активности).***

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми ќе се врши врз основа на следните **посебни критериуми:**

| | |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) | 10 |
| 2. Релевантност на проектната активност со програмските цели на Општината | 30 |
| 3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности, пристап) | 30 |
| 4. Ефекти во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост) | 15 |
| 5. Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 15 |
| Максимум бодови | 100 |

За да биде квалификувана за финансиска поддршка, проектната апликација треба да освои најмалку 50 бодови.

**Начин и рокови за доставување на пријавите**

Проектната документација треба да биде доставена во затворен коверт.

На ковертот во горниот лев агол треба да стои „Не отварај“, а во долниот десен агол, со назнака „За јавен повик за финансиска поддршка на здруженијата и фондации за 2018“.

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 20 (дваесет) дена од денот на објавување на јавниот повик во локалните медиуми и на општинската веб страница или не подоцна од датум 12.03.2018 година до 15:00 часот. Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично во архивата на Општина Крива Паланка, на адреса:

**Општина Крива Паланка**
**Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ бр. 175**
**1330 Крива Паланка**
**Р.Македонија**

**Напомена**: Пријавите со непотполна документација или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Прашања и консултации во врска со јавниот повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2018 се дозволени во Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка, на е-маил lstojanovska@krivapalanka.gov.mk или на телефон 031 372 130, но не подоцна од 5 (пет) дена пред истек на крајниот рок за доставување на пријавите.

Оценувањето на доставените пријави за финансиска поддршка за користење средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2018 година, наменети за финансирање на проектни активности на здруженија и фондации, согласно утврдената методологија, ќе го врши Комисија од три члена именувана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Учесниците на повикот ќе бидат известени за резултатите најдоцна 8 (осум) дена по истекот на крајниот рок за доставување на пријавите.

По известувањето за резултатите од јавниот повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации за 2018, субјектите имаат право на приговор во рок од 5 (пет) дена, сметано од денот на добивање на известувањето.

По поднесениот приговор одлучува Комисија од три члена именувана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од 3 (три) дена од денот на добивање на приговорот.

Одлуката донесена од страна на комисијата именувана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка е конечна.

Мониторинг (следење) на реализацијата на проектните активности на грантираните проекти ќе врши Комисија од три члена именувана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Лице за контакт: Лилјана Стојановска - 031/372-130**